*Акционерско друштво во државна сопственост*
*за вршење на дејноста давање услуги во*
*воздухопловната навигација*

*Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e*
*veprimtarisë dhënie të shërbimeve të navigacionit ajror*

**ДО: МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**За г. Љупчо Шемов, лице за контакт**

**ОД: М-НАВ А.Д. - Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Нов Закон за воздухопловство**

Почитувани,

Подолу се дадени забелешките и дополнителните предлози од страна на М-НАВ во врска со предлог новиот Закон за воздухопловство.

1. Во член 56 став (1) зборовите: “посебни блокови на воздушниот простор кои спаѓаат” се заменуваат со зборовите: “воздухопловниот информативен регион кој спаѓа”.
**Образложение**: ATM/ANS услугите се даваат во воздухопловно информативен регион. Во наредниот став се дефинира што во услови на приклучување кон одреден FAB. Воедно ќе има конзистентност со членот 59.

2. Во членот 60 став (8) во втората реченица зборовите ”назначените” и “исто така” се бришат.
**Образложение**: Постоечката формулација може погрешно да биде протолкувана дека истиот член од министерството за одбрана кој е назначен во Цивилно воениот комитет (ASM ниво 1) треба да учествува во работата на единицата за цивилно-воено управување со воздушниот простор (ASM ниво 2)

Дополнително, во член 82 став (5) сметам дека треба да се предложи изземање од плаќање на надоместокот за воздухопловно пристаниште и за летовите за противпожарство.
**Образложение**: Ова се летови од јавен интерес, а секако ВРСМ со одлука во вакви случаеви за странски воздухоплови кои доаѓаат на помош во случаи на големи пожари на нашата територија носи одлука за нивно ослободување од плаќање, а на ваков начин ќе се избегнат административните постапки. За ова секако согласност треба да даде и аеродромскиот оператор.

Со почит,

Скопје, 27.12.2021 година

**М-НАВ А.Д. – Скопје**

“Босфор“ Бр. 7, Мралино, Илинден
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3148100 Факс: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

“Bosfor“ Nr. 7,Mralino, Ilinden
Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2 3148100 Fax: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk